„ До Министерство за Здравство ’’

# ИЗВЕШТАЈ

Од периодот 29.09.2015 до 23.10.2015 посетував обука во главниот клинички центар во Љубљана, Р.Словенија на одделот на класична педијатрија од страна на министерството за здравство на Р.Македонија. Во таа педијатриска клиника на четири ката, сместени се и поврзани сите оддели на амбуланта, хематологија, онкологија, рентген и др. Предводена од менторката Томажич, во работните денови имав обука за класична педијатрија. Тие располагаат со два апарата PHILIPS, еден за контасни испитувања на езофагус, иригографија, микциона и еден за скелет и бели дробови на кои можат да се сликаат восрасни до 21 година. Исто така кај нив се применува „мој термин’’ и за амбулантски и за стационар – лежечки пациенти. Поседуваат заштита за тироидеа и кецели за целосна заштита од зрачење од најмала до најголема возраст. Снимањето се врши од надворешна страна со стакло преку кое технологот го следи пациентот. При експонирање се добива доза која самиот апарат ја одредува во зависност масата на самиот пациент, потоа истата таа доза се впишува во самиот преглед и се потпишува и технологот кој го извршил снимањето и сето тоа се праќа дигитално преку пакс кај самиот доктор кој ќе го даде крајниот резултат. Во текот на еден работен ден најмногу има до десетина пациенти. Освен тоа имаат и магнетна резонанца и два ултразвука. Во однос на работата и хигиената и почитувањето на здравствените норми и во услови како за нова здравствена установа, јас бев задоволна од обуката и персоналот. Се надевам дека „Министерството за Здравство’’ ќе ми овозможи и други вакви обуки со цел да се надоградувам, пренесам и применувам и кај нас дел од сето тоа.

Благодарност: Трајковска Биљана
Радиолошки технолог „ЈЗУ Универзитетска клиника за Радиологија’’ - Скопје